







### ТЕКСТУРИ НА ЕГО (ЛИЦЕТО) ВО ЛИКОВНИТЕ ПРЕТСТАВИ НА МАКЕДОНСКИТЕ АВТОРКИ

# Особеноста на женскиот ракопис

*Осумнаесет женски уметнички нарцизми на едно место го сочинуваат концептот на големиот проект, што Музејот на современа уметност, според концепцијата на Соња Абаџиева, го приврпшува, деновиве, потпирајќи се на посебноста на учесничките, на драгоцено чуваната позитивна енергија во ова скудно време и на несебичната помош на, се уште постоечките, спонзори на уметноста!*

Осумнаесет македонски авторки интензивно го подготвуваат проектот „Нарцизми„ кој на 21 јуни, заедно со концертот на Македонската филхармонија, ќе го означи почетокот на овогодишното Скопско културно лето. На различни простори, во различни техники, уметничките од различни генерации ќе го презентираат својот обид да се влезе во колективниот нарцизам и да се прикаже сопствениот лик во околината и во дадениот општествен контект што, во овој миг, го живееме.

„Оваа изложба тргнува од тезата за постоењето на женски конотиран дискурс, паралелен, но посебен наспроти машкиот„ вели Соња Абаџиева, кустос - советник во Музејот на современа уметност, која ја подготви концепцијата на „Нарцизми„. „Тематскиот концепт на изложбата е усредоточен на нарцизмот, како голема и вечна нарација. Како поткрепа на овој тематски фокус го користам тврдењето на психоаналаитичката школа дека нарцизмот е пoособен кај жените. Ако е тоа така, претпоставувам, логично е да се заклучи дека на овој терен женските творци ќе бидат поубедливи и во предност версус машките„.

Сопствениот лик, смета Абаџиева, порано беше табу тема, а сега со овој голем проект можеме да очекуваме растајнување - кај сите авторки постои афинитет за одбир на самите себе како објекти и модели на својот ликовен интерес, кој го вклучува во игра его - лицето, автобиографско и автопортретско.

Елизабета Аврамовска, Мирна Арсовска, Жанета Вангели, Љупка Делева, Искра Димитрова, Христина Иваноска, Маргарита Киселичка, Лилјана Климова, Марина Лешкова, Моника Мотеска, Маја Рауник, Анета Светиева, Весна Стефановска, Ана Стојковиќ, Дијана Томиќ, Вана Урошевиќ и Симонида Филипова ќе го реализираат своето растајнување преку видео - инсталации, мултимедијални проекти, скулптури, цртежи, објекти, интерактивни дела.... Тоа што ги обединува во еден ваков заеднички проект е специфичноста на нивниот женски ракопис, кој ги изделува од долготрајното патријархално толкување на жената во стандардизираниот и шаблонизиран контекст на нејзиното патријархално толкување единствено како објект на желбата и на манипулацијата, како објект во пасивна форма.

Овој исчекор од телесните и половите ограничувања на жените и обидот за реконструкција на тој долговажечки концепт, во текот на 20 век, и особено во последните 20 години од него, го издејствуваа самите жени - уметници, што постмодернистичката теорија на уметноста артикулирано го потврди. „Нарцизми„ е своевиден сублимат на постигнувањата на македонските жени - уметници на овој план.

J.Ф.